**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ОСНОВИ НА ПРИВАТНО ПРАВО

**- ИЗБОРНА -**
**IV година**

**ЕКОНОМСКО - ПРАВНА И ТРГОВСКА СТРУКА**

***Правен техничар***

**Скопје, 2008 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ОСНОВИ НА ПРИВАТНО ПРАВО

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: правен техничар

1.2.2. Струка: економско - правна и трговска

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Четврта

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 66 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

**1.6.1.** Изборен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот *основи на приватно право - изборна програма* ученикот стекнува вештини, знаења и се оспособува:

- да го познава поимот, предметот и начелата на вонпаричната постапка;
- да ги идентификува субјектите (учесниците) на вонпаричната постапка;
- да ги разликува видовите на вонпарични постапки;
- да го објаснува поведувањето и текот на вонпаричната постапка;
- да го разбира поимот, предметот и начелата специфични за постапката на извршување;
- да ги сфаќа извршувањата за намирувања на паричните побарувања;
- да ги идентификува извршувањата за остварување на непаричните побарувања;
- да ги разликува видовите на извршување за обезбедување;
- да развива чувство и свест за правичност, правда, професионално и одговорно извршување на работата.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на програмските содржини на наставниот предмет *основи на приватно право - изборна програма*, односно за постигнување на поставените цели, потребни се претходни знаења од областа на наставните предмети *основи на правото* од II година, *канцелариско работење*, *основи на јавно право* и *основи на приватно право* од III година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| **Тематски целини** | **Бр. на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| **1. ВОНПАРНИЧНА ПОСТАПКА** | **14** | ***Ученикот:***<br>- да го разбира поимот и предметот на вонпарничната постапка;<br>- да го идентификува односот на вонпарнична постапка со другите граѓански постапки;<br>- да ги разликува начелата кои се специфични за вонпарнична постапка;<br>- да го споредува расправното со истражното начело (материјално управување со постапката);<br>- да ги разликува учесниците во вонпарничната постапка;<br>- да ја објаснува способноста да се биде странка (jus standi in justio);<br>- да ја објаснува специфичноста на вонпарничната способност;<br>- да го сфаќа значењето на | Дискутирање за општите поими и начела во граѓанско судските постапки.<br>Објаснување за специфичностите на видовите граѓански постапки.<br>Читање делови од Законот за вонпарнична постапка.<br>Презентирање шематски приказ на учесниците во вонпарничната постапка и нивните способности.<br>Водење насочена дискусија за издвојување на странките и нивните способности во | 1. Основи на приватно право<br>Тематска целина:<br>*- Вовед во граѓанско судските постапки*<br>*- Начела за работа на органите кои водат судски постапки*<br>*- Субјекти во граѓанско судски постапки*<br>*- Подготвување на главна расправа*<br>*- Главна расправа* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | каузалната легитимација (legitimation ad causam);<br>- да го разликува поведувањето на вонпарничната постапка по службена должност (ex oficio) од поведувањето на постапката по предлог на овластено лице;<br>- да го елаборира текот на вонпарничната постапка (закажување рочиште, расправа, одлучување и одлуки на судот и правни лекови). | парничната постапка. Дискутирање за текот на вонпарничната постапка, споредување со парничната со постапка и пронаоѓање на специфичностите во вонпарничната постапка. | |
| **2. ВИДОВИ ВОНПАРНИЧНИ ПОСТАПКИ** | **18** | - Да ги разликува видовите вонпарични постапки;<br>- да ја споредува постапката за одземање на деловна способност со постапката за враќање на деловната способност;<br>- да ја објаснува постапката за задржување на лице во здравствена установа за лекување на душевна болест;<br>- да ги идентификува условите и постапката за прогласување на исчезнато лице за умрено и докажување на смрт;<br>- да ги објаснува условите и | Дискутирање за штетните последици од преземање на правни дела од страна на деловно неспособни лица.<br>Изведување вежби за определување на правното значење на лице кое е исчезнато.<br>Истражување и прибирање податоци преку Интернет или печатените медиуми и нивно презентирање.<br>Читање делови од | 1. Основи на приватно право<br>Тематска целина:<br>- *Субјекти во граѓанско судските постапки*<br>- *Застапници и полномошници*<br>- *Поведување на парнична постапка*<br>- *Подготвување на главна расправа*<br>- *Главна расправа* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | причините за постапката за лишување на родителот од вршење на родителски права, определување на родител да има положба на старател, како и враќање на одземеното родителско право;<br>- да го разбира продолжувањето на родителското право и по полнолетството на детето;<br>- да ја објасува постапката за давање на дозвола за склучување на брак (на малолетни лица и посватовство);<br>- да ја елаборира постапката за расправање на оставина;<br>- да ја објаснува постапката на оставинскиот суд по смртовница;<br>- да го објаснува рочиштето за расправање на оставина (донесување на решение);<br>- да ги сфаќа наследните барања по правосилноста на решението за наследување;<br>- да ја објаснува постапката кога за оставина е надлежен странски орган; | законот и меѓународните конвенции за лица исчезнати во воените дејствија.<br>Поканување службено лице од орган за старателство или социјални грижи.<br>Водење диускусија и откривање ситуации кога е потребно вршење на родителски права по полнолетството.<br>Читање конвенции за правата на децата.<br>Симулирање постапка за уредување на семејните односи.<br>Организирање вежби за пополнување на обрасци.<br>Организирање посета на Детската амбасада и дискутирање за правата на децата.<br>Презентирање шема за наследните редови.<br>Организирање вежба | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ја идентификува постапката по тестамент;<br>- да ги познава останатите постапки за уредување на имотните односи;<br>- да ја разбира постапката за составување на исправи, заверка кај нотар и потврдување, чување на исправи и поништување и судски, односно нотарски депозит. | за изготвување родослов на сопственото семејство.<br>Презентирање шема на текот на оставинската постапка.<br>Презентирање делови од филмови во кои се прикажува отворање и читање на тестамент.<br>Симулирање постапка за уредување на имотните односи преку игра на улоги.<br>Организирање вежби за составување на тестамент.<br>Организирање посета кај нотар. | |
| **3. ИЗВРШНА ПОСТАПКА** | **28** | - Да го сфаќа поимот и предметот на извршната постапка;<br>- да го објаснува значењето на изразите во извршната постапка: извршна исправа, потврда на извршности, побарување, доверител, должник, учесник, службено лице, јавни книги, катастар; | Организирање вежба за изготвување сопствен мини лексикон за изразите и поимите во извршната постапка.<br>Презентирање примери од практиката.<br>Водење дискусија за | 1. Основи на приватно право<br>Тематска целина:<br>- *Вовед во граѓанско судските постапки*<br>- *Поведување на парнична постапка*<br>- *Подготвување на главна расправа* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги разбира начелата на извршната постапка;<br>- да го објаснува поведувањето на извршната постапка;<br>- да ги истакнува ситуациите за можен премин на побарувањето или обврската во извршната постапка;<br>- да ги разликува субјектите во извршната постапка;<br>- да ги идентификува средствата и предметот на извршување;<br>- да го разбира правото на приговор од трето лице поради неправилности на извршувањето, право на жалба по решение на првостепениот суд;<br>- да го сфаќа противизвршувањето, одлагањето и запирањето на извршувањето;<br>- да ја елаборира постапката за извршување заради наплата на парично побарување, изземање од извршување, извршни дејства, попис и проценка на предметите, продажба на предмети и намирување на | разграничување на поведувањето на извршната постапка по службена должност и по предлог на доверител.<br>Презентирање графички приказ на субјектите во извршната постапка.<br>Читање делови од Законот за извршна постапка.<br>Организирање посета на извршното одделение во судот.<br>Презентирање шематски приказ на постапка за извршување.<br>Организирање вежби за проследување примери од практиката и пополнување обрасци.<br>Презентирање на редоследот на дејствијата при извршување на недвижностите преку | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | доверителот;<br>- да ги истакнува спецификностите на извршување на парично побарување на должник;<br>- да го разликува извршувањето врз подвижни и недвижни предмети;<br>- да го објаснува редоследот на дејствијата при извршување на недвижности;<br>- да го разбира извршувањето врз други имотни права;<br>- да го опишува предавањето на определени и заменливи предмети;<br>- да го сфаќа извршувањето на обврска на дејствие, трпење или несторување;<br>- да го објаснува извршувањето за предавање и испразнување на недвижност;<br>- да го објаснува извршувањето на судска одлука со која работникот се враќа на работа;<br>- да ја опишува делбата на предмети;<br>- да го идентификува запишувањето на право во јавна | огласи/ јавен повик на нотар или суд во печатот.<br>Организирање посета на одделението за извршување во судот, нотар или поканување стручно лице од оваа област.<br>Разгледување предмет кој е подготвен за извршување и водење дискусија за предметот.<br>Организирање вежби за составување на акти во врска со присилно извршување на извршната постапка (решение, записник, приговор, жалба, заклучок и сл.).<br>Проследување примери од практиката за извршување на судска одлука за враќање на работник на работа.<br>Симулирање постапка за извршување на | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | книга. | судска одлука за враќање на работник на работа преку игра на улоги. | |
| **5. ПОСТАПКА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ** | **6** | - Да ги разликува средствата за обезбедување;<br>- да ги објаснува условите за засновање на заложно право врз недвижност, како и обезбедување со пренос на сопственост на предмети и права;<br>- да укажува на начинот и видовите на засновање на заложно право;<br>- да ги разликува привремените мерки;<br>- да ги идентификува претходните мерки. | Организирање посета на Централен регистар и катастар.<br>Презентирање обрасци за хипотека, залог и организирање вежби за подготовка на предмет.<br>Проследување примери за привремените и претходните мерки. | 1. Основи на приватно право<br>Тематска целина:<br>- *Подготвување на главна расправа*<br>- *Главна расправа* |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

За реализација на наставата по наставниот предмет *основи на приватно право - изборна програма*, согласно поставените цели на наставниот предмет, како основни наставни методи се користат: водење на насочена дискусија, решавање на проблеми и симулација на реални ситуации, учење преку сопствено откривање, слободни задачи, тимска настава и сл.

*Активности на ученикот*: применува законитости и правила, набљудува, слуша, прибележува, чита, толкува позитивни законски прописи, презентира, конципира, размислува критички, работи домашни задачи, дискутира.

*Активности на наставникот*: организира, планира и подготвува настава, дава инструкции за работа, поттикнува дискусии, објаснува, поставува прашања, симулира реални ситуации, презентира, оценува и поттикнува на самооценување од страна на учениците.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Процесот на учење во наставата по наставниот предмет *основи на приватно право - изборна програма* се изведува преку стручно - теоретска и практична настава во училница, организирани посети на институции, организирани информативни средби, разговори и дискусии со претставници - стручни лица од практиката, во училиштето или во институциите и друштвата, со цел да се интегрираат знаењата и ставовите со практичните умеења на учениците. Наставата по овој наставен предмет се реализира и преку индивидуални домашни задачи, кои можат да се изведуваат дома и во училиштето. Образовните активности по предметот *практична настава* се организирани во две полугодија, четири тримесечја и неделен распоред на часовите.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За поуспешна реализација на целите на наставниот предмет *основи на приватно право - изборна програма* треба да се користи: компјутерска опрема, ЛЦД проектор, графоскоп, шеми, обрасци, публикации и слично. Литература потребна за реализација на наставата, како за наставниците така и за учениците, е учебник за овој наставен предмет, наставни помошни материјали, закони, коментари на законите, стручни списанија, практикуми од соодветни области.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку континуирано следење во текот на учебната година, усно и писмено - преку тестови на знаења, проектни задачи, писмени извештаи за реализираните активности на учениците, постигнувања и резултати од тимската работа, индивидуални домашни задачи, креативност, покажен интерес и активно учество на учениците на часовите.

Доколку ученикот не покаже резултати во реализирањето на конкретните цели на наставната програма врз основа на утврдените критериуми за оценување, се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот треба да ги поседува следниве индивидуални, професионални и педагошки карактеристики: да го мотивира и да влијае позитивно на ученикот со својот начин на изразување, углед, појава, подготвеност за дополнителна работа, образование, систем на вредности и идеали, да соработува со другите наставници, стручни работници, социјални партнери, стручни институции, да поседува способност за изведување на настава и комуникација со учениците, да владее со литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да поседува способност за примена на современа образовна технологија, да поседува способност за планирање, организирање, воведување новини во наставниот процес, како и способност за професионално и педагошко самообразување, да е комуникативен и креативен.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии по право, со здобиена педагошко - психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

### 6.3. Стандард за простор

За реализација на наставната програма по *основи на приватно право - изборна програма* се користи училница опремена со наставни средства, помагала и опрема согласно нормативот.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** март 2008 година

**7.2. Состав на работната група:**

- Елизабета Јовановска - Радановиќ, раководител, советник, Центар за стручно образование и обука - Скопје
- д-р Јадранка Дабовиќ, професор, Правен факултет - Скопје
- Ана Аџиева, наставник, СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен“ - Скопје
- Викторија Миланова, наставник, СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен“ - Скопје
- Благојче Кипровски, извршител „Благојче Кипровски“ - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**8.1. Датум на започнување:** 01.09.2008 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот *основи на приватно право - изборна програма* ја одобри министерот за образование и наука со решение бр. 07-4135/1 од 23.05.2008 година.